**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

---

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Гевгелија |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Петар Јанчев, заменик-координатор за ЕМЖМ |
| **Период на известување** | 2025 г. |
| **Дата на поднесување на извештајот** | 15.04.2026 г. |

**Дата,**
15.04.2026 г.

**Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**
Андон Сарамандов, градоначалник на општина Гевгелија

**Потпис:**
с.р.

**(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)**

**Дата,**

**Име Презиме (на Раководител на сектор за еднакви можности) :**

**Потпис:**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

**ОДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

Во периодот од 19 до 20 јуни 2025 година, во Општина Гевгелија се одржа дводневна работилница за изработка на Стратегија за родова еднаквост, со учество на претставници на општинската администрација, јавни институции и други релевантни чинители. Работилницата ја водеа Гордана Несторовска и Бранка Минчева од UN Women Скопје, ментори на Општина Гевгелија, кои преку интерактивен и партиципативен пристап ги насочуваа учесниците низ процесот на стратешко планирање од родов аспект.

Првиот ден беше посветен на националната и меѓународната правна рамка за родова еднаквост, улогата и одговорноста на јавниот сектор во промоција на еднаквоста, како и циклусот на креирање родово одговорни политики и клучните принципи на родово одговорно буџетирање (РОБ) на локално ниво. Во продолжение, учесниците работеа на вовед во стратешко планирање, со фокус на дефинирање на визијата и мисијата на општината од родов аспект, анализа на контекстот (можности и закани) и анализа на внатрешните капацитети (силни и слаби страни).

Вториот ден беше посветен на утврдување на стратешките приоритети и цели, како и на креирање мерки и активности и дефинирање индикатори. Како основа за оваа работа, послужи базата на податоци што Општина Гевгелија ја доби од државните и локалните институции, наменета за подготовка на Стратегијата за еднакви можности на жените и мажите.

Работата се одвиваше преку групни сесии и пленарна дискусија, при што беа презентирани резултатите од групната работа, донесени заклучоци и договорени следните чекори во процесот на подготовка на стратешкиот документ. Работилницата се реализираше во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, финансиски поддржан од Швајцарија и Шведска, а спроведуван од UN Women. Со оваа активност, Општина Гевгелија продолжува со системско и посветено унапредување на родовата еднаквост и интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и развојни процеси.

**ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ЖЕНИ- ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

И во 2025 година, Општина Гевгелија преку Програмата за активностите во областа на социјалната заштита воспостави мерка- еднократна парична помош на жени жртви на насилство.

Во текот на изминатата година, до Општина Гевгелија 8 жртви на семејно насилство, од кои сите жени, доставиле барање до Општина Гевгелија за исплата еднократна парична помош, а врз основа на приложен документ од Основен суд- Гевгелија за изречени привремени мерки за заштита на жртвата од сторителот. Оваа мерка се спроведуваше во координација со ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Гевгелија.

Според евиденцијата на ЈУМЦСР- Гевгелија, во 2025 година се евидентирани 108 случаја со елементи на семејно насилство. Од вкупната бројка, ЈУМЦСР Гевгелија постапил по 98 пријави од ОВР ПС Гевгелија, 1 пријава од Клинички центар Скопје и 9 лични пријави. Од вкупниот број случаи, за 17 е водена судска постапка со изрекување привремени мерки. Најголемиот број на жртви се однесува на жени и тоа 95 и 3 жртви се мажи.

## ВИДЕОКАМПАЊА И БРОШУРА ЗА МЕСЕЦОТ НА МАШКОТО ЗДРАВЈЕ

Општина Гевгелија, во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Гевгелија, реализираше видеокампања посветена на подигање на свеста за машкото здравје, во рамките на одбележувањето на Ноември- Месецот на машкото здравје за 2025 година. Кампањата имаше за цел да ја информира јавноста за значењето на превентивните прегледи, раната дијагноза и здравите животни навики кај мажите. Во видеото како говорник се појавува д-р специјалист уролог Благоја Здравев, ангажиран во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија, кој дава стручни совети и практични упатства за зачувување на машкото здравје. Сценариото и режијата се на Петар Јанчев, додека видеопродукцијата и монтажа се реализирани од Васко Трајков. Проектот е продукциски поддржан од Општина Гевгелија и Комисијата за ЕМЖМ, што ја истакнува посветеноста на општината кон промоција на јавното здравје и благосостојбата на граѓаните.

Партнери и соработници на овој проект: ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија, СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито"- Гевгелија, Влатко Семенаков, Дарко Ѓоргиев, Александар Аврамов, Ацо Муров, Розита Андонова и Катица Џишева Дупарова.

Исто така, Општина Гевгелија, заедно со Комисијата за еднакви можности и Здружението за психосоцијална поддршка и развој САНКТУМ- Гевгелија, го означија крајот на Месецот на машкото здравје со промотивна брошура „Како си навистина? - Во ноември зборуваме за машкото здравје". Целта на оваа програмска активност е да потсети дека грижата за менталното и физичкото здравје на мажите треба да биде континуирана- преку поддршка, разговор и редовни прегледи. Брошурата ги охрабрува мажите да зборуваат отворено за емоциите, стресот и животните тешкотии, нагласувајќи дека барањето помош е знак на сила. Во рамки на брошурата, вклучен е и краток прашалник за самооценка и препораки за тоа кога е добро да се разговара со блиските или да се побара стручна помош. Посебно внимание е посветено на физичкото здравје, со потсетување на редовно мерење крвен притисок, проверка на шеќер во крвта, преглед на простата по 45-та година и самопрегледи на тестисите.

Организаторите потенцираа дека создавањето средина без осуда, поддршката во семејството и промовирањето позитивни примери се клучни за охрабрување на мажите да зборуваат за своето здравје. Иницијативата продолжи и по ноември, со тоа што брошурата во печатена верзија беше дистрибуирана до целната група- мажи, како дел од активностите за подигнување на свеста за сопственото физичко и ментално здравје. Автори на брошурата се м-р психолог, психодрама и психотерапевт Розита Андонова и м-р психолог, гешталт советник Александра Трајковска. Дизајнот е на Лилјана Петкова Стојанова. А, соработници се: Љубица Карајанова- координатор за ЕМЖМ и Петар Јанчев- заменик-координатор во Општина Гевгелија.

## РЕАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ"- ГЕВГЕЛИЈА

Во организација на Општина Гевгелија и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, а во соработка со Друштвото за маркетинг, промоција и обуки „АЈ КЈУ МЕДИЈА", на 22 декември 2025 година, во Медијатеката на СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, се одржа Обука на тема: „Женско претприемништво", наменета за млади жени кои се на прагот на носење важни одлуки за својата професионална иднина.

На обуката учествуваа 48 ученички од СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, од трета и четврта година, од сите образовни насоки. Целта на обуката беше ученичките, по завршувањето на средното образование, а подоцна и по стекнувањето високо образование, да се охрабрат да размислуваат за претприемништвото како реална и одржлива можност за вработување и самореализација.

Во рамки на обуката беа презентирани инспиративни примери од светот, како и успешни жени претприемачки од Македонија, со што на ученичките им беше овозможен

реален увид во можностите, предизвиците и патот до успешен бизнис. Програмата опфати теми поврзани со основите на женското претприемништво, развој на бизнис-идеја, можности за поддршка и финансирање, како и значењето на економското зајакнување на жените. Обуката беше реализирана преку интерактивен пристап, практични примери и дискусија со ученичките.

Предавач беше професор д-р Наташа Ристовска на Факултетот за претприемачки бизнис при Универзитетот „Скопје“, чии области на научно-истражувачки интерес се: Економика на претпријатија, Претприемништво, Стратегиски менаџмент и Меѓународен менаџмент. Активноста е дел од Програмата на Општина Гевгелија во областа на еднакви можности на жените и мажите за 2025 година, преку која локалната самоуправа континуирано работи на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите и зајакнување на улогата на жените во локалниот економски и општествен развој.

## СОСТАНОЦИ НА МУЛТИСЕКТОРСКИ ТИМОВИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖЕНИ И ДЕВОЈЧИЊА- ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО:

- РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА: „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА – ИНТЕГРИРАНИ БЕЗБЕДНОСНИ РЕШЕНИЈА ЗА ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ НА ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ ИЗЛОЖЕНИ НА НАСИЛСТВО“

Во периодот од 12 до 14 март 2025 година, во Охрид, беше реализирана работилница на тема „Интегрирани безбедносни решенија за давателите на услуги за жени и девојки изложени на насилство“, организирана од ЕХО – Едукативно-хуманитарна организација. Работилницата беше насочена кон зајакнување на безбедносните капацитети на стручниот персонал кој работи со жртви на родово базирано и семејно насилство. Од мултисекторскиот тим на Општина Гевгелија, на работилницата учествуваа членовите Сашка Карајанова и Розита Андонова.

Активноста се спроведе во рамки на Проектот „Сите заедно во градење на заедници без родово базирано насилство“, со поддршка од The Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска. Работилницата претставуваше прва обука од ваков вид, со фокус на препознавање и управување со безбедносните ризици со кои се соочуваат давателите на услуги- вклучително и физички закани, психолошки притисоци, дигитални злоупотреби и правни предизвици.

Во рамки на програмата беа обработени тематски области поврзани со физичка, психолошка, дигитална и правна безбедност. Преку интерактивен пристап, игри на улоги и симулации на реални сценарија, учесниците стекнаа практични вештини за постапување во ризични ситуации, како и конкретни механизми за лична и тимска заштита. Дополнително, беше унапредена меѓусебната координација и размената на искуства помеѓу претставниците на институциите и организациите.

- РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА: „РАЗБИРАЊЕ НА ТРАУМА И ПСИХОЛОШКИТЕ ПРОФИЛИ ВО КОНТЕКСТ НА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО“

На 25 и 26 март 2025 година, во Дојран, Здружението ЕХО реализираше основна обука на тема „Разбирање на траума и психолошките профили во контекст на насилството врз жени и семејното насилство“. Обуката беше наменета за професионалци од мултисекторските тимови на локалната заедница кои работат на заштита на жени и девојки изложени на родово базирано и семејно насилство, како и за стручни соработници на организацијата. Учествуваа: Љубица Карајанова, Петар Јанчев, Сашка Карајанова и Розита Андонова.

Активноста се реализираше во рамки на Проектот „Сите заедно во градење на заедници без родово базирано насилство“, поддржан од Kvinna till Kvinna и Шведска.
Во текот на обуката беа обработени теми поврзани со разбирање на траумата и

нејзините психолошки ефекти врз жртвите и децата, препознавање на емоционалните и бихејвиоралните реакции, како и анализа на психолошките профили на жртвите, децата сведоци и сторителите на насилство. Посебен акцент беше ставен на моделите на контрола и агресија, факторите кои придонесуваат за насилно однесување, како и на влијанието на семејното насилство врз психосоцијалниот развој на децата и соодветните стратегии за интервенција и поддршка.

Работата се одвиваше интерактивно, преку групни вежби и анализа на практични примери, при што учесниците разработуваа пристапи за поддршка на жртвите и децата. Дополнително, беше посветено внимание на концептот на колективна траума и нејзиното влијание врз професионалците и заедницата, како и на важноста од превенција на професионалното прегорување. Во таа насока беа применети и телесни вежби и техники за дишење со цел ослободување од трауматски стрес.

Со учеството на претставници од локалната заедница, Општина Гевгелија придонесува кон јакнење на капацитетите на релевантните чинители за поефикасна заштита на жени и деца жртви на насилство и кон унапредување на системот на мултисекторска соработка во областа на еднаквите можности и превенцијата од родово базирано насилство.

- УНАПРЕДУВАЊЕ НА МОДЕЛОТ ЗА КООРДИНАЦИЈА ЗА ПОЕФИКАСНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈЧИЊАТА ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО
- ПРОМОЦИЈА НА НОВИОТ ХОЛИСТИЧКИ МОДЕЛ ЗА ОДРЖЛИВА ПОДДРШКА НА ЖЕНИТЕ И САМООДРЖЛИВОСТ НА ЕХО

На 24 декември 2025 година, во Штип, во организација на ЕХО се одржа настан посветен на унапредување на заштитата и поддршката на жените и девојчињата жртви на насилство, кој се реализираше преку две програмски целини – работилница и промотивен настан. Учествуваа: Љубица Карајанова, Сашка Карајанова и Розита Андонова.

Работилницата беше посветена на тема „Унапредување на Моделот за координација за поефикасна заштита на жените и девојчињата жртви на насилство“, со фокус на зајакнување на меѓуинституционалната соработка и подобрување на постојните механизми за заштита. На работилницата учествуваа и членовите на Мултисекторскиот тим на Општина Гевгелија, којашто финансиски се поддржа од Општина Штип, Општина Прилеп и Општина Гевгелија. Беше презентиран и новиот Холистички модел за одржлива поддршка и самоодржливост на жените – моделот на ЕХО. Настанот беше реализиран во рамки на Проектот „Сеопфатна заштита, исцелување и јакнење на жените преку интегрираниот холистички модел на ЕХО“, поддржан од Фондацијата Kvinna till Kvinna и Шведска.

Настанот обедини претставници на локалната самоуправа, институции, граѓански организации и професионалци од областа на социјалната заштита, со цел размена на искуства, унапредување на пристапите за поддршка и јакнење на системот за заштита на жени и девојчиња жртви на насилство. Со учеството на Мултисекторскиот тим на Општина Гевгелија и поддршката на вакви активности, Општина Гевгелија продолжува активно да придонесува кон создавање поефикасен, координиран и одржлив систем за превенција и заштита од родово базирано насилство.

## ИМПЛЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ YOUR JOB

Општина Гевгелија беше вклучена во имплементацијата на Проектот: “Your Job Macedonia” наменет за млади на возраст од 15 до 35 години што се спроведе во рамки на Регионалната програма во Европа- Програма за млади во Западен Балкан. Проектот беше насочен кон обуки за активно барање работа, тренинзи за зајакнување вештини, програми за персонализирани обуки за професионални вештини, платена пракса и

поддршка во поставување сопствена бизнис-идеја и грант шема за поддршка на идеи со висок потенцијал. Финансиски е поддржан од Реновабис и Каритас Австрија, а Гевгелија е една од 6. општини во Југоисточниот Регион, каде што се реализираше Проектот од страна на Македонски Каритас.

Клучната улога во имплементацијата на Проектот во Општина Гевгелија ја имаше **службеникот за млади и заменик-координатор за ЕМЖМ**, кој активно обезбедуваше логистичка поддршка за активностите во координација со проектниот тим и преку објавување на повиците на општинската веб-страна, социјалниот медиум, како и социјалните групи на Фејсбук каде што членуваат поголема група млади, ги информираше за сите активности и можности.

Во рамките на Проектот беа спроведени индивидуални и групни сесии за кариерно советување во Гевгелија и околните села Богородица, Моин, Прдејци, Мрзенци, Миравци, Негорци и Ново Коњско. На овие сесии учествуваа вкупно 65 млади луѓе, од кои 39 беа жени, а 26 мажи. Преку овие разговори, учесниците добија поддршка да ги препознаат своите интереси, способности и потенцијали, како и насоки за понатамошно образование, професионални обуки и вработување. Сесиите помогнаа да се зголеми самодовербата кај младите и нивната подготвеност да се соочат со пазарот на труд.

Информативните сесии се одржаа во Гевгелија на три датуми. Првата беше на 31 јули 2024 година во Домот на култура „Македонија“, втората на 13 септември 2024 година, а третата на 23 април 2025 година во СОУ „Јосиф Јосифовски“. На овие сесии учествуваа вкупно 51 млад човек, од кои 28 беа жени, а 23 мажи. Сесиите им овозможија на учесниците да се запознаат со сите активности и можности што ги нуди проектот, а истовремено ги мотивираа да се вклучат во проектот, да ја развијат свесноста за сопствените потенцијали и да ја зајакнат нивната иницијатива за личен и професионален развој.

За да се унапредат меки вештини, во СОУ „Јосиф Јосифовски“ беа организирани две работилници на 18 февруари и 23 април 2025 година. Вкупно 30 млади луѓе учествуваа на овие работилници, од кои 17 беа жени, а 13 мажи. Работилниците се фокусираа на развој на комуникациски способности, тимска работа, самодоверба, подготовка на CV и подготвеност за интервју за работа.

Во рамките на Проектот беа спроведени и стручни (VET) курсеви во Гевгелија. Седум млади жени учествуваа на овие курсеви, од кои две успешно ја завршија обуката за професионален фризерски курс, а пет ја завршија обуката за шминка. Курсевите им овозможија на учесничките да стекнат конкретни практични вештини, кои можат да ги применат за самовработување или вработување во секторот за услуги.

Тренингот за млади претприемачи се одржа на 16, 17 и 18 декември 2024 година во Стар Дојран, во хотел „Романтик“. На тренингот учествуваа осум млади луѓе, од кои пет беа жени, а три мажи. Целта на тренингот беше развој на бизнис идеи, изработка на бизнис план и зајакнување на претприемачките компетенции на учесниците.

Еден од најзначајните моменти беше доделувањето на грант на млада жена од Гевгелија, која преку менторска поддршка од искусен бизнис тренер го реализира својот проект и со финансиска поддршка од пет илјади евра целосно го опреми својот салон за убавина. Службеникот за млади ја следеше целата имплементација, обезбедувајќи континуирана поддршка, решавање на предизвиците и поврзување со потребните ресурси, со што беше обезбедена одржливост и успешност на бизнисот.

Проектот ***YourJob*** значително придонесе кон развојот на стручните и меки вештини кај младите луѓе, ја зголеми нивната самодоверба и подготвеност за настап на пазарот на труд, а истовремено ја промовираше економската и социјалната инклузија.

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

- унапредени капацитетите за РОБ; - потребите на жените и мажите се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети на локално ниво; - еднаква

застапеност на обата пола во подготовката на Стратегијата;

- воспоставена специфична мерка за ранливи категории жени и девојки; - препознавање и пријавување на насилството.

- зголемен опфат на мажи со превентивни прегледи за рано откривање на карциномот на дојката и простата, како и други малигни заболувања.

- поттикнати матурантките да отпочнат сопствен бизнис; -зголемени вештини и компетенции за успешно менаџирање на бизнисите.

- унапреден институционален одговор за превенција и заштита од родово- базирано насилство.

- зајакнати вештини за активно барање работа; - зголемен број на млади од Општина Гевгелија со стекнати професионални вештини; - поддржани млади од Општина Гевгелија за бизнисидеја и отворање сопствен бизнис.

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** **(Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Работилница за стратешко планирање** | вкупен број учесници- **15** | | **Програма- X1 – Родова еднаквост** |
| | Ж | М | коктел за учесници **7.000 ден.** |
| | **10** | **5** | |

| | | |
|---|---|---|
| **Еднократна парична помош на жени- жртви на семејно насилство** | вкупен број корисници на мерката | **Програма- D0 – Градоначалник** |
| | Ж | 8 x 6.000 ден. **вк. 48.000 ден.** |
| | **10** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Видеокампања за Месецот на машкото здравје** | вкупен број учесници- **9** | | **Програма- X1 – Родова еднаквост** |
| | Ж | М | хонорари за лекар и видеопродукција и монтажа **12.300 ден.** |
| | **2** | **7** | |
| | број на прегледи | | |
| | **473 на Youtube** | | |

На Фејсбук-страницата на ОГ- КЕМ, најголем дел од публиката е на возраст од 25–34 години (42,3%), при што застапеноста на мажите е повисока. Следуваат возрасните групи 45–54 години (29,6%) и 35–44 години (23,7%), каде повторно доминира машката публика. Возрасните категории 55–64 години (3%) и 65+ (1,4%) се со најмала застапеност.

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| | | |
|---|---|---|
| **Промотивна брошура за Месецот на машко здравје** | вкупен број корисници на мерката | Програма- **X1 – Родова еднаквост** |
| | М | принтање 300 брошури **11.000 ден.** |
| | **300** | |

| | | |
|---|---|---|
| **Обука за женско претприемништво** | вкупен број корисници на мерката | Програма- **X1 – Родова еднаквост** |
| | Ж | хонорар и патни трошоци на обучувач, материјали **вк. 40.000 ден.** |
| | **48** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Состаноци на мултисекторски тимови** | вкупен број учесници- **4** | | **Програма- X1 – Родова еднаквост** |
| | Ж | М | превоз и кофинансирање **34.700 ден.** |
| | **3** | **1** | |

Во рамките на Проектот **Your job** беа спроведени индивидуални и групни сесии за кариерно советување во Гевгелија и околните села Богородица, Моин, Прдејци, Мрзенци, Миравци, Негорци и Ново Коњско. На овие сесии учествуваа вкупно 65 млади луѓе, од кои 39 беа жени, а 26 мажи. Преку овие разговори, учесниците добија поддршка да ги препознаат своите интереси, способности и потенцијали, како и насоки за понатамошно образование, професионални обуки и вработување. Сесиите помогнаа да се зголеми самодовербата кај младите и нивната подготвеност да се соочат со пазарот на труд.

Информативните сесии се одржаа во Гевгелија на три датуми. Првата беше на 31 јули 2024 година во Домот на култура „Македонија“, втората на 13 септември 2024 година, а третата на 23 април 2025 година во СОУ „Јосиф Јосифовски“. На овие сесии учествуваа вкупно 51 млад човек, од кои 28 беа жени, а 23 мажи. Сесиите им овозможија на учесниците да се запознаат со сите активности и можности што ги нуди проектот, а истовремено ги мотивираа да се вклучат во проектот, да ја развијат свесноста за сопствените потенцијали и да ја зајакнат нивната иницијатива за личен и професионален развој.

За да се унапредат меки вештини, во СОУ „Јосиф Јосифовски“ беа организирани две работилници на 18 февруари и 23 април 2025 година. Вкупно 30 млади луѓе учествуваа на овие работилници, од кои 17 беа жени, а 13 мажи. Работилниците се фокусираа на развој на комуникациски способности, тимска работа, самодоверба, подготовка на CV и подготвеност за интервју за работа.

Во рамките на Проектот беа спроведени и стручни (VET) курсеви во Гевгелија. Седум млади жени учествуваа на овие курсеви, од кои две успешно ја завршија обуката за професионален фризерски курс, а пет ја завршија обуката за шминка. Курсевите им овозможија на учесничките да стекнат конкретни практични вештини, кои можат да ги применат за самовработување или вработување во секторот за услуги.

Тренингот за млади претприемачи се одржа на 16, 17 и 18 декември 2024 година во Стар Дојран, во хотел „Романтик“. На тренингот учествуваа осум млади луѓе, од кои пет беа жени, а три мажи. Целта на тренингот беше развој на бизнис идеи, изработка на бизнис план и зајакнување на претприемачките компетенции на учесниците.

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**

https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2025/01/Programa-EMZM-25.pdf
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/03/Izvestaj-EMZM-25.pdf

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС** **(согласно член 11 од ЗЕМ):**

- Именувани координатор и заменик-координатор за ЕМЖМ со Решение бр. 08- 2045/1 од 22.12.2023 година;

- Инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во 10 буџетски програми за 2026 година: Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите, Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита, Програма за финансиска поддршка на програми и проекти од областа на култура од значење на општина Гевгелија, Програма за финансирање спортски активности во општина Гевгелија, Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и именуваниот службеник за млади во делокругот на младите, Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, Програма за активности во областа образование, Програма за активна транспарентност, Програма за активностите во областа заштита и спасување и справување со кризи и Програма за активностите во областа на образованието.
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/02/Programa-EMZM-26.pdf
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/02/Programa-za-soc.-zastita-26.pdf
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/02/Programa-kultura-26.pdf
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/02/Programa-sport-26.pdf
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/04/Programa-mladi-26.pdf
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/02/Programa-zar.-bolesti-26.pdf
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/02/Programa-transp.-26.pdf
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/02/Programa-za-zast.-i-spas.-26.pdf
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/02/Programa-obraz.-26.pdf

Подготвени Извештаи за реализација на програми за 2025 година родови индикатори:
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/03/Izvestaj-EMZM-25.pdf
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/03/Izvestaj-Soc.-zastita-25.pdf
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/02/Izvestaj-kultura-25.pdf
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/02/Izvestaj-sport-25.pdf
https://gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2026/03/Izvestaj-Mladi-25.pdf
